РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-2773/7
21-11-2023

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен врз основа на пријава од непознат подносител Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), на 95 - та седница прво продолжение одржана на ден 17.11.2023 година, донесе

**О д л у к а**

Постапката по предметот бр.09-2773 од 12.06.2023 година, оформен врз основа на пријава од непознат подносител против службеното лице --------, директор на -------- , **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека наводите од пријавата се потврдуваат, констатирана е повреда на одредбите од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси и по издаден прекршочен платен налог, извршена е уплата на изречената глоба.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата доставена е пријава од непознат подносител по кој оформен е предмет бр.12-1503, против --------директор на ----------. На 87-та седница донесена е Одлука бр.12-1780/3 од 07.06.2023 година со која се запира постапката, а во врска со наводите за судир на интереси, кои се однесуваат на ангажирањето на нејзиниот син и сопругот, со Службена белешка бр.09-2773/1 од 12.06.2023 година, постапката по предметот продолжи во Одделението за спречување на судир на интереси и лобирање.

Заради проверка и потврда на наводите за судир на интереси, согласно член 76 став 3 од од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, заради утврдување на фактичката состојба и потврдување на наводите од пријавата, ДКСК пристапи кон разгледување на доставената документација од Секторот за корупција, која беше обезбедена од нивна страна по службена должност.

Се констатира дека од доставената документација се потврдуваат наводите за судир на интереси од страна на именуваната.

Имено, по барање на ДКСК, на ден 24.04.2023 година ----------------- достави одговор во кој се наведува дека нејзиниот сопруг ------------ е вработен во оваа институција од 07.07.1987 година, односно неговиот работен стаж изнесува 36 години, од кои на работното место --------------, повеќе од 25 години. Оттука, неговите работни задачи се однесуваат на институционални активности, а додека неговиот конкретен ангажман на поединечните проекти, зависи од барањата и потребата на проектните раководители. Во врска со исплата на средствата, се наведува дека кај него, се врши исплата на средства како што е дефинирана во областа на --------- и на начин како што се врши кај останатите вработени.

Во врска со нејзиниот син -----------, во текот на 2022 година бил ангажиран во рамките на проектот ----------- финансиран од страна на --------, од страна на раководителот на проектот, како техничко лице за помош при -----------, што воедно вклучува и ------------- неопходни за реализација на наведениот проект. Во прилог се доставени Договор бр.03-137 од 01.07.2022 година и бр.03-137/31 од 27.07.2022 година.

Од доставените договори ДКСК констатира дека --------------, во својство на директор на ------- склучила договори како нарачател со -----------, како вршител на работа- помош при ------------- на износ од 17.200 за месец Јули 2022 година и 4.000 денари за месец Мај/Јуни 2022 година.

Од Одговор доставен од ------------, кој е архивски заведен во ДКСК под бр.12-1780/2 од 24.04.2023 година, се констатира дека --------- е нејзин син и е опфатен под поимот ,,блиски лица,, уреден со член 8 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Со ова ---------- се нашла во состојба на судир на интереси, што подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.

Согласно член 72 став (2)

*,,Во случај на сомневање за постоење судир на интереси, службеното лице е должно да ги преземе сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа да го извести својот претпоставен.,,*

Член 75 став (1)

*,,Кога службеното лице ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, е должно веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување,,.*

Со тоа што не побарала да биде изземена, ДКСК констатира дека е сторена повреда на член 75 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 107 став 1 алинеја 2 од истиот закон, за што беше издаден прекршочен платен налог, по кој беше постапено.

Со преземање на горенаведените дејствија и мерки од страна на ДКСК нема елементи за натамошно надлежно постапување, поради што на 95 - та седница одлучи да се запре постапката.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил:Д.Д-советник
Контролирал: К.З, раководител
Одобрил: м-р Г.Т., член на ДКСК